Ирена Поповска за приказната „**Дефект**“, Дарко Гоцевски за приказната „**Сиромаштија та во измачените лица на чесните граѓани на мојата напатена татковина**
“ и Љубен Тодороски за приказната „
**Заслуживме функционален здравствен систем**
“ се тројцата граѓански новинари и трите наградени приказни на третиот конкурс за избор на приказни и фотографии од граѓански новинари што го организираа Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Телевизија Телма. Во категоријата
**фотографии**
, наградени се Гоце Цветков, Виктор Поповски и Филип Неделковски за фотографии на тема
**сиромаштија**
и
**родова (не)еднаквост**
.



Покрај ова, беа доделени и две признанија и тоа на Нуредин Исејновски за приказната „
**Читај на глас**
“ и на Ана Ристевска за
**фотографијата на тема сиромаштија**
.

[Третиот по ред конкурс за граѓански новинари](#) беше отворен во периодот од 10 мај до 17 јуни 2018 година. Темите за овој конкурс беа: сиромаштија, здравство, родова (не)еднаквост и сообраќај. До Комисијата за оценка на пријавите стигнаа вкупно 41 пријава и тоа 19 во категоријата приказни, и 22 за категоријата фотографии/видеа. Најголем број од пријавите беа на тема сиромаштија и тоа вкупно 24 во двете категории, осум на тема здравство, шест за сообраќај и три за родовата (не)еднаквост.

Наградените ќе добијат **ваучери** со кои ќе можат да купат опрема за понатамошно практикување на граѓанското новинарство.

**Четвртиот и последен конкурс**, се очекува да биде отворен **во текот на септември оваа година**.

Конкурсот за граѓанско новинарство е една од активностите од проектот „ Топ тема на ваша страна “ што го спроведуваат Телевизија Телма и МЦМС, а финансиски е поддржан од Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД).